This project is funded by the European Union

Networking and Advocacy for Green Economy

Balkan Rural Development Network

Документ со препораки и ставови

„Навраќање на корените: традиционално производство и одржливиот систем на храна“



Slow Food® Bitola

”Practical implementation of the legislation within the facilities for traditional production"

RURAL DEVELOPMENT NETWORK OF NORTH MACEDONIA

This project is supported by “NAGE – Networking and Advocacy for Green Economy” project funded by the European Union

This project is funded by
the European Union

Каков систем на храна е неопходен?

Глобализацијата, индустрискиот развој, зголемувањето на бројот на населението и урбанизацијата ги сменија моделите на производство и потрошувачка на храна на начин што силно влијае и се одразува врз целокупниот екосистем и исхраната на луѓето.
Човештвото се соочува со бројно поврзани економски, социјални и еколошки кризи кои во најголем дел произлегуваат од сегашните неодржливи модели на потрошувачка и производство, а пред се од неконтролираното трошење на природни ресурси и тоа по глава на жител.
Негативните трендовите се алармантни, истакнувајќи ја несоодветноста на сегашните модели на снабдувањето со храна и самата исхрана. Имајќи предвид дека: (i) сегашното производство, преработка на храна и нејзината дистрибуција не се одржливи поради губењето на биодиверзитетот, деградацијата на природните ресурси, климатските промени, високата потрошувачка на енергија како и сиромаштија; (ii) ранливоста на многу рурални заедници и (iii), особено диеталната ерозија во насока на прекумерна потрошувачка, **потребни се итни мерки за промовирање и ширење на концептот на „одржливост“ и тоа во национален, европски и светски контекст.**

Со одбрана на правото на „гастрономско задоволство“ и поттикнување на бавен живот, Слоу Фуд во својата наједноставна форма, претставува алтернатива на брзата храна и брзиот живот. Бавната храна е втемелена во традиционалните практики, националните вкусови и домашната кујна.

Сите напори и активности во изминтатите десет години кои Слоу Фуд ги реализира на национално ниво, имаат за цел да дизајнираат, развиваат и спроведуваат прогресивни идеи и политики кои: (i) ги валоризираат карактериситчните традиции и знаења; (ii) ги штитат и поддржуваат локалните заедници; (iii) промовираат директни односи меѓу производителите, фармерите и потрошувачите; (iv) го скратуваат дистирбутивниот синџир на снабдување со храна; (v) ја заштитуваат животната средина; (vi) ги одржуваат врските помеѓу сите конституенти на мрежата; (vii) и промовираат одржливи практики, **со цел да се постигне одржлив начин на живот.**

Еден од денешните недостатоци на системот за храна на глобално и на локално ниво, е оној на дистрибутивниот систем. Последните педесет години бележат не само напредок на индустријализацијата во земјоделскиот сектор, масовно иселување од руралните области, туку и огромен напредок во однос на конзервираната храна. Денес одредена храна лесно може да патува од едната до другата страна на земјината топка, дури и кога тоа не е потребно. Во глобалниот систем на дистрибуција доминираат само неколку големи оператори кои црпат сила од својата финансиска структура, притоа исполнувајќи го ланецот на производство со безброј посредници, со што се зголемува растојанието (физичкото и културното) помеѓу потрошувачот и производителот.

Затоа, системот на храна што го сакаме е:

- **Еколошки одржлив**: го поддржува квалитетот и обновливоста на природните ресурси, го зачувува биодиверзитетот и гарантира интегритет на екосистемите.

- **Економски одржлив:** генерира долгорочни приходи и работни места, достигнува еко-ефикасност и обезбедува конкурентно опкружување, каде квалитетот преовладува над квантитетот и цените ја рефлектираат вистинската вредност на храната.
- **Социјално и културолошки одржлив:** гарантира фер пристап до основните човекови права (безбедност, здравје, образование, итн.) и создава услови за благосостојба (образование, социјални односи, итн.) во рамките на една заедница; обезбедува можности за развој на внатрешни и надворешни активности кои ја вклучуваат локалната заедницата (руралното население) и ја препознава културната вредност на производот.

Притоа доста важно е да се потенцира дека социјалните аспекти не можат да се разгледуваат одделно од економските аспекти на одржливоста. Тие се силно меѓусебно поврзани и треба да се анализираат со помош на интегриран и холистички пристап на различните аспекти од самото производство па се до потрошувачката на храна.
Дефинираните цели како што се заштита на биодиверзитетот, борба против климатските промени, развој на локалните економии и производство на мали количини храна, зачувувањето и негувањето на локалното знаење, традициите и културата, исто така не треба да се поставуваат одделно. Наместо тоа, секоја цел мора да биде поставена и следена како дел од **сеопфатна стратегија и земјоделска политика** која ќе ги земе во предвид сите елементи истовремено.
Потребен ни е холистички пристап затоа што храната е жив систем кој еволуира и се прилагодува кон секојдневните човечки активности.

This project is funded by
the European Union



Какви национални политики за поддршка на малите традиционални производители се потребни?

Кога зборуваме за системот на храна во целост, мора да се каже дека не станува збор за еден изолиран систем туку во спротивно станува збор за кохерентен систем во кој влегуваат различни закони, правилници и одлуки кои се однесуваат на земјоделството, производството на храна, трговијата, безбедноста на храната, семенскиот материјал, животната средина, јавното здравство, руралниот развој, правата на работниците и многу други.

Голем број на политики имаат влијание врз храната, но ниту една во целост не го препознава широкиот опфат на храната. Законот за безбедност на храна се однесува исклучиво за безбедноста на храната, а притоа не се обрнува внимание на нејзината нутритивна вредност. Додека пак регулативите кои се однесуваат на подигнувањето на квалитетот на храната не се соодветно поврзани со одржливиот начин за нејзино производство.

Тргнувајќи од таквото разбирање на оваа тематика, досега сме работеле на повеќе проекти кои вклучувале мапирање на различни видови традиционални производи произведени од животински и растителни суровини на кои им се заканува опасност од исчезнување, направени се прегледи на националното и европското законодавство, изработени се повеќе анализи и водичи за значењето на малите бизниси со храна, спроведен е проект за зачувување на домашната балканска коза, изготвена е традиционална листа на производи и многу други кои се во насока на потенцирањето на важноста на одржливите практики на производство со акцент на зачувување на целокупниот биодиверзитет.
Дополнително, со експертска поддршка го започнавме процесот на лобирање и застапување со што по иницијатива на Слоу Фуд во 2018 година, а по налог на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) се донесе решение за формирање на прва работна група составена од претставници од АХВ, универзитетски професори од Факултетот за земјоделски науки и храна и инспектори, со што се направија законски промени на веќе постоечки правилници и се донесе нов Правилник за производство и ставање во промет на мали количини производи од животинско потекло[1], кој нуди доста флексибилни решенија кои се во поддршка токму на малите производители на храна кои користат одржливи практики.

Со стапувањето во сила на новиот правилник, на малите бизниси со храна им се отворија нови можности за унапредување на своето производство, а исто така се создадоа услови да пристапат на пазарот со безбедни и конкурентни производи кои се во насока на одржливот систем на храна, според европските и останатите глобални политики, особено со новата стратегија за биодиверзитет на Европската Унија за периодот до 2030 година[2].

Дополнително на тоа оваа законска регулатива е поврзана со повеќе мерки и национални шеми за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој кои ги креира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на кои што малите производители може да конкурираат и да ги унапредат своите бизниси.

Но, мора да се потенцира дека **финансиските шеми за поддршка мора да бидат добро креирани и насочени кон конкретни области за поддршка за кои претходно е направена детална анализа**. Тоа значи дека мора да биде јасно што се предвидува да се постигне со финансиските мерки и истите треба да бидат квантитативни и мерливи за разлика од веќе постоечките „големи“ и генерални шеми. Генерално, **јадрото на националните политики за поддршка треба да се пренасочи од тековните права на субвенции кон фер договори меѓу земјоделците и општеството.** Целите на овие шеми треба да ги рефлектираат и целите на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027)[3], но и на европските вредности кои се во насока на зачувување на природата, намалувањето на штетените влијанија врз климата и да ги одразуваат еколошките и социо-економските потреби на руралните области, истовремено земајќи ги предвид влијанијата врз нашиот систем за храна и земјоделство во целост.
Во дизајнирањето и спроведувањето на финансиските шеми, во сите фази на процесот треба на партиципативен начин да бидат вклучени сите засегнати страни почнувајќи од земјоделците па се до локалните власти, останатите институции и секако невладините организации.

[1] Правилник за барањата за условите и хигиената за производство и ставање во промет на храна од животинско потекло наметена за директно снабдување
[2] EU Biodiversity strategy for 2030
[3] НСЗРР 2021-2027

This project is funded by
the European Union

Со поддржувањето на фармерите кои користат одржливи практики на производство, напоредно **треба да се постави амбициозен и кохерентен систем кој ќе ги стимулира веќе поддржаните земјоделци да го унапредат своето земјоделско стопанство.** Ваквите промени во директните плаќања претставуваат важна еволуција во земјоделството и политиката, бидејќи **чистата агрономска продуктивност повеќе не би била единствениот индикатор за успех.** Ваквата национална шема за поддршка и развој на земјоделството, не треба да вклучува само еднократни директни плаќања за поттикнување на одредени земјоделски практики и култури, туку и давање на поддршка во конкретни инвестиции, обуки и советодавни системи кои ќе го олеснат преминот од конвенционално во одржливо земјоделство.



Што треба да се направи?

Кога станува збор за креирањето на земјоделските политики од голема важност за секоја земја е реалното согледување на состојбата на терен во поглед на примената на конкретни закони и регулативи како и потребата од нивно дополнување, промена или креирање на нови законски рамки.
Оттука, Слоу Фуд во периодот кој следи ќе се заложи што почесто да се преземаат следните чекори и активности со цел:

1. Да се утврди кои прашања и проблеми ги решава земјоделската политика, дали тие проблеми се вистински и оправдани;

2. Да се утврди, какви цели конкретната политиката си поставува и дали ги поставува во рамки на решавање на проблемите;
3. Да се анализираат мерките кои политиката ги употребува за решавање на проблемите и остварување на целите и да се оцени, дали некои други алтернативни мерки би биле поефикасни;
4. Да се проценат ефектите на спроведените политики од аспект на ефикасност и други општествено релевантни критериуми (поддршка на руралните заедници, социјална и економска исплатливост итн.).

Иако процесот на дополнување и изменување на законска регулатива е долгорочен, може со сигурност да се каже дека е потребно да се следи процесот на имплементирање и спроведување на одредбите на подолг временски период.

Новиот правилник стапи во сила на 15 јули 2019 година, но состојбата на терен укажува слаба заинтересираност на производителите да ги регистрираат своите производни капацитети, иако станува збор за минимални хигиенски услови кои истите треба да ги исполнат.

Оттаму, си земаме за право да дадеме предлог до надлежните институции, во конкретниот случај до Агенцијата за храна и ветеринарство да го засили процесот на информирање за придобивките од регистрација на производните капацитети на малите производители и дополнително да се зацврстат соработките со Агенцијата за поддршка и развој на земјоделството како институција која што треба да биде во улога на информатор и поддржувач на фармерите во целост и да се воспостават канали за комуникација со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Секако неопходна е и експертска поддршка на терен кон самите производители кои сакаат да ги унапредат своите производни капаците, со што се поставува повторно важноста од организирање на обуки директно насочени кон производителите за да можат да ги применат минималните хигиенски барања.

Изготвувањето на водичи за конкретните производства на производи од животинско потекло од мал обем е доста корисна, што би требало исто така да се спроведе во соработка со експерти од областа и консултантски поткрепи од невладиниот сектор.

И за крај, Слоу Фуд верува дека иднината останува на младите, што значи дека треба со особено внимание и посветеност да се работи со сите млади ентузијасти кои ги ценат вистинските вредности на одржливото производство а се насочени кон зачувување на биодиверзитетот. Тоа секако ќе се постигне со креирање на програми за директна поддршка насочена кон младите земјоделци кои дополнително ќе создадат услови за одржлив економски развој.

This project is funded by
the European Union

Кои сме ние?

Слоу Фуд, како глобална организација е основана, основана во 1989 година за борба против исчезнувањето на локални традиции на храна и ширење на брза храна култура. Во текот на последните три децении, Слоу Фуд еволуираше во глобално движење што вклучува милиони луѓе во над 160 земји, кои работат да се осигура дека секој може да има пристап до добра, чиста и правична храна. Во Македонија е отпочната во 2008 година, со основањето на првиот конвивиум, за денес да претставува националната организација која врши координација на локаната мрежата на Слоу Фуд во Македонија. Истовремено развива програми и иницијативи за развој и градење на капацитетите на истата. Исто така ги развива програмските сегменти кои се имплементираат на национално и локално ниво од страна на конвивиумите и другите групи, со истовремено застапување и лобирање за различните проблеми и идеи пред националните и интернационалните чинители, преку организирање и реализација на различни настани, кампањи, вмрежувања и соработка со други организации и чинители кои би можеле да помогнат во тој процес.

Визија:
Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.

Мисија:
Преку едукација кампањи и промоција, градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Национална организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола делува, во согласност со принципите утврдени во Манифестот на Слоу Фуд и со Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“, за да му го овозможи на секого правото на задоволство од храна, без оглед на пол, раса, јазик, религија, политичко мислење, лична и општествена положба.
Ова неприкосновено право е поврзано со обврската за политичка, економска и социјална солидарност, кои овозможуваат заштита и зачувување на заедничките материјални и нематеријални добра, со што би се овозможило нивно правично споделување.
„Слоу Фуд Македонија“, Битола ќе се бори за суверенитет во сите негови форми и ќе ја унапредува заштитата на биолошката и културна разновидност на храна со почитување на трудот, животната средина и поврзаноста на луѓето со тоа, преку:
• промоција на правото на добра, чиста и правична храна за сите, што подразбира: вкус, квалитет, еколошката одржливост на процесот на производство, дистрибуција и потрошувачка, почитување на социјалната правда и достоинство на сите луѓе кои се вклучени во синџирот на исхрана;
• обрана на правото на суверенитет на храната;
• здобивање со право на достоинство прашањата поврзани со храната, пијалоците, исхраната и гастрономските науки во целина;

• промовирање на заштитата на природната и културна биолошката разновидност;
• идентификување на прехранбените производи и методи на производство поврзани со територијата, промовирање на нејзината улога како заедничко средство;
• работа на заштита на законитоста во производството, дистрибуцијата и потрошувачката на храна;
• придонес за создавање на култура на здравјето, како јавно добро, да се брани и заштитува, со пристап до храна и балансиран начин на живот, ориентирани кон квалитет, разновидност, умереност;
• едукација за храна и тренинг на сетилата за да бидат оспособени, со цел да се прави одговорен избор на храна, особено на помладата генерација;
• намалување на отпадот и фрлената храна;
• промоција на практиките кои ја почитуваат благосостојбата на животните;
• активности за заштита на животната средина, пејзажите, почвата и земјиштето; борба против климатските промени, истакнување на врската помеѓу производството и потрошувачката на храна и ресурсите од животната средина.
• промовирање на практики за повисок квалитет на живот, изработени од почитувањето на сезоните, животната средина и здравјето на потрошувачите, поттикнување на користењето на овие производи кои претставуваат максимален израз на квалитет;
• за поддршка на целосно почитување на културниот идентитет, со цел да се разменат и дискусија, без каква било дискриминација;
• подобрување на моделите на локалната економија преку производство на храна;
• документирање и репродуцирање на локалната меморија, а особено традиционалното знаење поврзано со светот на храната;
• придонес во развивање на мрежите на Тера Мадре Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија и нивно понатамошно вмрежување на меѓународно ниво;
• придонесе за развој на меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
• спроведување на меѓународни проекти за соработка во насока на унапредување на правото на добра, чиста и правична храна;

This project is funded by the European Union

Networking and Advocacy for Green Economy

Balkan Rural Development Network



За дополнителни информации проследете

Портали на Слоу Фуд Македонија

- www.slowfood.mk
- www.slowfood.mk/edukacija
- www.slowfood.mk/terramadre
- www.slowfood.mk/youth
- www.shop.slowfood.mk
- www.slowfood.mk/lideri
- www.mleko.org.mk
- www.slowine.mk
- www.slowbeer.mk
- www.slowfish.mk
- www.nezagmo.mk

Профили на социјални мрежи:

- www.facebook.com/slowfood.mk
- www.facebook.com/slowfoodyouth.mk
- https://twitter.com/SlowFoodMacedon
- https://www.instagram.com/slowfood.mk/
- www.linkedin.com/in/slowfoodmacedonia

Slow Food® Bitola

”Practical implementation of the legislation within the facilities for traditional production"

This project is supported by “NAGE – Networking and Advocacy for Green Economy” project funded by the European Union

RURAL DEVELOPMENT NETWORK

This project is funded by the European Union

Слоу Фуд Македонија
Главна канцеларија:
Ул. Климент Охридски 33/35
7000 Битола
Република Северна Македонија

Контакт
info@slowfood.mk
www.slowfood.mk
Емилија Неделковска
Програмски координатор
+389 75 243 996

Слоу Фуд Македонија
Декември, 2020 година
Република Северна Македонија

„Овој документ е изработен во рамки на проектот „Практична имплементација на легислативите во објектите за традиционално производство“, кој е поддржан од Мрежата за рурален развој на Република Северна Македонија преку проектот NAGE - Вмрежување и застапување за зелена економија.
Документот е изработен со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Слоу Фуд Битола и истата не ги одразува ставовите на Европската унија“